Добредојдовте на веб страницата на катедрата за теорија на конструкции при [Градежниот факултет]
во Скопје.
Тука ќе најдете тековни информации за курсевите што се предаваат од членовите на катедрата, информации за членовите и научно-истражувачките активности на катедрата
.

Главни дисциплини во кои се одвиваат предавања на катедрата за теорија на конструкции се класичните и матричните методи за статичка и динамичка анализа на определени и неопределени конструктивни системи. Посебно внимание се посветува на нумеричкото моделирање на градежни и инженерски конструкции преку формирање математички модели и нивна анализа со користење на современи софтверски решенија.

Исто така, катедрата
покрива курсеви по информатика, програмирање, нумерички методи во градежништвото, метод на конечни елементи, асеизмичко проектирање на згради и инженерски објекти. Со тоа, студентите добиваат теоретски и практични познавања за дефинирање и решавање на задачи порзани со анализа на широк спектар конструктивни системи.